# ЗАКОН ЗА МЕМОРИЈАЛНИТЕ СПОМЕНИЦИ И СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈАТА

**“Сл. весник на Р Македонија” бр.66/04 од 01.10.2004 година**

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој закон се уредуваат прашањата поврзани со одбележувањето на значајни настани и истакнати личности со меморијални споменици и спомен обележја, условите и постапката за подигање на меморијалните споменици и спомен- обележјата, субјектите одговорни за нивното подигање, заштита, чување, регистрите за нивна евиденција, како и надзорот и контролата над спроведувањето на одредбите на овој закон.

**Член 2**

Со подигањето на меморијалните споменици и спомен- обележјата се одбележуваат значајни настани и истакнати личности од историјата и културата на граѓаните на Република Македонија, на македонскиот народ како и граѓаните што живеат во нејзините граници, кои се дел од албанскиот народ, турскиот народ, влашкиот народ, српскиот народ, ромскиот народ, бошњачкиот народ и другите, како и историјата и културата воопшто, кои се од исклучително значење за општествениот развој на Република Македонија, со што се придонесува за остварување и унапредување на слободите и правата на граѓаните, како и за афирмацијата, примената и почитувањето на начелата на хуманизмот и општоцивилизациските вредности.

**Член 3**

Меморијални споменици, во смисла на овој закон, се поединечни или група објекти и монументални дела од архитектурата, скулптурата, сликарството и применетата уметност со историски и уметнички содржини и вредности што се подигаат за трајно зачувување на спomenот на настаните и личностите од членот 2 на овој закон, а кои се од исклучително значење за Република Македонија (во натамошниот текст: меморијален споменик).
Настаните и личностите што се одбележуваат со меморијален споменик треба да се од исклучително значење за развојот на државноста на Република Македонија и за нејзиниот државно-правен континуитет и да се вградени во историскиот развој на земјата.

**Член 4**

Спомен- обележја, во смисла на овој закон, се бисти, скулптури, плочи, чешми, фонтани и други уметнички и архитектонски дела и творби што со своите содржини и ознаки одбележуваат настани и личности од членот 2 на овој закон или од народната традиција, кои се од локално значење (во натамошниот текст: спомен- обележје).

**Член 5**

Меморијален споменик може да подига Собранието на Република Македонија, согласно со овој закон.
Иницијатива за подигање меморијален споменик можат да дадат, како и да вложуваат средства за негово подигање: Собранието на Република Македонија и органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, установи, здруженија на граѓани и фондации, други заинтересирани правни лица и граѓани.
Спомен- обележје можат да подигаат општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, согласно со овој и друг закон.
Правни и физички лица можат да дадат иницијатива до советот на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје за подигање спомен- обележје, како и да вложуваат средства за негово подигање.
Странски државјани и лица без државјанство можат да вложуваат средства за подигање на меморијален споменик, односно спомен-обележје.

## II. МЕМОРИЈАЛНИ СПОМЕНИЦИ

**Член 6**

Собранието на Република Македонија, за настаните и личностите од членот 2 на овој закон што треба да се одбележат со меморијален споменик, донесува Програма за одбележување на значајни настани и истакнати личности со меморијален споменик (во натамошниот текст: Програма), за период од пет години.

**Член 7**

Програмата од членот 6 на овој закон содржи особено:
- настани и личности што ќе се одбележат;
- податоци за настаните и личностите и нивното значење;
- вид и содржина на меморијалниот споменик;
- место каде што ќе се подигне меморијалниот споменик;
- порака што треба да ја симболизира меморијалниот споменик;
- основни елементи за текстот што би бил истакнат на меморијалниот споменик;
- извор на средства за финансирање на подигањето и јавното промовирање на меморијалниот споменик и
- рок за подигање на меморијалниот споменик.

Програмата содржи и податоци за видот, содржината и местото на досегашните одбележувања на настанот и личноста што се одбележува.

**Член 8**

За секој меморијален споменик содржан во програмата од членот 6 на овој закон, Собранието на Република Македонија донесува одлука за подигање на меморијален споменик со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Во одлуката се утврдува особено:

- одговорно лице, односно тело одговорно за реализацијата на иницијативата за подигање на меморијален споменик;
- правното лице што ќе управува и ќе се грижи за чување, одржување, заштита и користење на меморијалниот споменик;
- потребни средства за реализација на иницијативата и извори на средства;
- извор на средства потребни за чување на меморијалниот споменик;
- видот и содржината на меморијалниот споменик;
- местото каде што ќе се подигне меморијалниот споменик и
- рокот за подигање на меморијалниот споменик и друго.

**Член 9**

За спроведување на постапката за подигањето на меморијален споменик се грижи и е одговорно тело Одбор за подигање на меморијален споменик (во натамошниот текст: Одбор) именуван од Собранието на Република Македонија.

Одборот го сочинуваат претседател и осум члена, кои се избираат од редот на пратениците на Собранието на Република Македонија, архитекти, технолози, историчари, научни, културни и други поединци, со мандат до завршување на меморијалниот споменик.

**Член 10**

Одборот ги врши особено следниве работи:

- распишува јавен конкурс за изработка на идеен проект за подигање на меморијален споменик;
- ги разгледува општите прашања и предлага мерки и активности во врска со подигањето на меморијален споменик;
- го следи извршувањето на одлуката за подигање на меморијалниот споменик и за тоа со извештај го известува Собранието на Република Македонија и
- врши и други работи согласно со одлуката за подигање на меморијален споменик и другите прописи кои се однесуваат на реализација на активностите од надлежност на Одборот.

Работата на Одборот поблиску се уредува со деловник.

Стручните и административно- техничките работи за Одборот ги врши стручната служба на Собранието на Република Македонија.

**Член 11**

Одборот распишува јавен конкурс за изработка на идеен проект за подигање меморијален споменик (во натамошниот текст: конкурс) и се грижи за спроведување на конкурсната постапка и за изборот на идејниот проект што ќе се реализира.

**Член 12**

Конкурсот за изработка на идеен проект за подигање меморијален споменик е анонимен, а резултатите од конкурсот се објавуваат во дневниот печат.

Рокот за пријавување на конкурсот изнесува 30 дена од денот на распишување на конкурсот, а крајниот рок за избор на идејниот проект за подигање на меморијалниот споменик изнесува 90 дена од денот на завршувањето на конкурсот.

**Член 13**

Конкурсот за изработка на идеен проект за подигање меморијален споменик особено содржи:

- опис на видот и содржината на меморијалниот споменик;
- местоположба каде што ќе се гради меморијалниот споменик;
- основни елементи за текстот што би бил истакнат на меморијалниот споменик;
- потребна документација и прилози што треба да ги содржи идејниот проект;
- пресметковна вредност на меморијалниот споменик;
- износи на наградите, евентуалните откупи и начинот на регулирање на авторското право;
- рок за пријавување на конкурсот и
- други услови од значење за изработка на идејниот проект.

**Член 14**

На конкурсот можат да учествуваат домашни и странски физички и правни лица.

Учесниците на конкурсот се пријавуваат под шифра.

**Член 15**

Идејниот проект треба да биде погоден за излагање и изведба.

Одборот е должен идејните проекти јавно да ги изложи.

Одборот со мнозинство гласови го избира идејниот проект за меморијалниот споменик што ќе се подигне и за тоа го информира Собранието на Република Македонија.

**Член 16**

На изграден меморијален споменик или во негова непосредна околина не можат да се преземаат дејствија со кои може да се наруши интегритетот на меморијалниот споменик без согласност на Собранието на Република Македонија, на авторот и на правното лице од членот 8 став 2 алинеја 2 на овој закон.

Меморијален споменик може да се премести, односно отстрани, со одлука на Собранието на Република Македонија, по претходно мислење од правното лице од членот 8 став 2 алинеја 2 на овој закон.
Со одлука, Собранието на Република Македонија го уредува начинот за давање согласност за вршење измени на подигнат меморијален споменик или за преземање дејствија во неговата непосредна околина со кои може да се наруши интегритетот на меморијалниот споменик, за негово преместување, како и други прашања сврзани со меморијалниот споменик.
Трошоците за преместување, односно отстранување ги сноси инвеститорот на чие барање се врши преместување, односно отстранување на меморијалниот споменик.

## III. СПОМЕН- ОБЕЛЕЖЈА

### Член 17

Советот на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје за одбележување со спомен- обележја на настани и личности од членот 2 на овој закон што се од локално значење, донесува програма за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен- обележја (во натамошниот текст: програма на општината) која се донесува за период од пет години.
Програмата на општината, се усвојува со мнозинство гласови од присутните членови на советот на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови на советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје.

### Член 18

За подигањето, чувањето, одржувањето, заштитата и користењето на спомен- обележје, советот на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје донесува одлука.
Советот на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје именува Одбор за подигање на спомен- обележје.
Одредбите на членовите од 10 до 16 на овој закон соодветно се применуваат и на спомен- обележјата.

### Член 19

Советот на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје со одлука го уредува и прашањето за давање согласност за вршење измени на спомен- обележјето или за преземање дејствија во неговата непосредна околина со кои може да се наруши интегритетот на спомен- обележјето, за негово преместување, како и други прашања сврзани со спомен обележјето.

## IV. РЕГИСТРИ НА МЕМОРИЈАЛНИ СПОМЕНИЦИ И СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА

**Член 20**

За подигнатите меморијални споменици и спомен- обележја се водат посебни регистри.

Регистарот на меморијални споменици го води органот на државната управа надлежен за работите од областа на културата (во натамошниот текст: Министерството), а регистрите на спомен-обележјата ги водат општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, за своето подрачје.

Министерството води централен регистар за спомен- обележјата за целата територија на државата.

Содржината и начинот на водењето на регистрите од ставовите 2 и 3 на овој член поблиску ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на културата (во натамошниот текст: министерот).

**Член 21**

Упис на меморијален споменик во регистарот на меморијални споменици се врши врз основа на пријава.

Пријава за упис на меморијален споменик во регистарот на меморијални споменици поднесува Одборот од членот 9 на овој закон.

Пријавата за упис на спомен- обележје во регистарот на спомен-обележјата ја поднесува Одборот од членот 18 став 2 на овој закон.

Пријавите од ставовите 1 и 2 на овој член се поднесуваат во рок од 30 дена од денот на предавањето на користење на меморијалниот споменик, односно спомен- обележјето.

Заради упис на спомен- обележја во централниот регистар на спомен-обележја, советот на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје е должен да му достави на Министерството, извод од регистарот од ставот 2 на овој член, во рок од 15 дена од денот на извршениот упис во општинскиот регистар, односно негова измена.

**Член 22**

Регистрите на спомен- обележјата во општините, во градот Скопје и во општините во градот Скопје во кои покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, е службен јазикот и неговото писмо, што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, се водат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и неговото писмо што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија на подрачјето на тие општини, градот Скопје и општините во градот Скопје.

## V. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

**Член 23**

На заштитата на меморијалните споменици и на спомен- обележјата на кои, согласно со закон, им е утврден статус на културно наследство, се применува Законот за заштита на културното наследство.

**Член 24**

На подигањето на меморијален споменик и спомен- обележје се применуваат прописите за изградба на инвестициони објекти и прописите за просторно и урбанистичко планирање.

**Член 25**

Одобрение за градење на меморијален споменик и спомен- обележје издава надлежниот орган, согласно со закон.

Одобрение од ставот 1 на овој член не смее да се издаде ако меморијалниот споменик, односно спомен- обележјето не се содржани во Програмата од членот 6, односно во програмата од членот 17 на овој закон и ако за нив не се донесени одлуките од членот 8, односно членот 19 на овој закон.

## VI. НАДЗОР И КОНТРОЛА

**Член 26**

Надзор и контрола над спроведувањето на овој закон врши Министерството.

При вршењето на надзорот над работата на органите на општината, Министерството ги врши следниве работи:

- ја следи законитоста на работата на органите на општината и презема мерки и активности и поднесува иницијативи за остварување на надлежностите на општината во согласност со овој закон;
- оценува дали органите на општината обезбедуваат надлежностите на општината да се извршуваат согласно со стандардите и постапките утврдени со овој закон;
- дава препораки за доследно спроведување на надлежностите на општината во рамките утврдени со овој закон, на барање на органите на општината;
- го следи навременото донесување на прописите на општината;
- дава мислење и стручна помош по предлогот на прописите на општината, на барање на органите на општината и
- навремено ги известува органите на општината за констатираните состојби во нивната работа и за преземените мерки при вршењето на надзорот.

Инспекциски надзор над спроведувањето на овој закон врши Министерството преку инспекторите за култура, согласно со Законот за културата и Управата за заштита на културното наследство, согласно со Законот за заштита на културното наследство.
Во врска со примената на прописите за инвестициона изградба и урбанистичко планирање, надзор и контрола вршат органите надлежни за работите за инвестициона изградба и урбанистичко планирање.

## VII. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

### Член 27

Тој што ќе оштети или уништи меморијален споменик од членовите 1 и 2 на овој закон ќе се казни за кривично дело со парична казна или со затвор до три години.
Тој што ќе подигне меморијален споменик или спомен- обележје со кои се поттикнува или разгорува етничка, расна или верска омраза и раздор или кои се спротивни на уставниот поредок, ќе се казни за кривично дело со парична казна или затвор до три години.
Во особено тежок случај на делото од ставовите 1 и 2 на овој член сторителот ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.
За делото од ставот 2 на овој член, судот ќе изрече и заштитна мерка отстранување на меморијалниот споменик или спомен-обележјето.

### Член 28

Со парична казна од 200.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок правно лице ако подигне меморијален споменик или спомен- обележје што не се содржани во Програмата од членот 6 или во програмите од членот 18 на овој закон.
Со парична казна од ставот 1 на овој член ќе се казни за прекршок правно лице ако подигне меморијален споменик или спомен-обележје без одобрение од членот 24, на овој закон.
Со парична казна од 30.000 до 50.000 денари ќе се казни и одговорното лице во правното лице за прекршок од ставовите 1 и 2 на овој член.
Со парична казна од 30.000 до 50.000 денари ќе се казни и физичко лице за прекршок од ставовите 1 и 2 на овој член.
За прекршокот од ставовите 1 и 2 на овој член, на правното и физичкото лице може да им се изрече мерка за безбедност отстранување на меморијалниот споменик, односно спомен-обележјето.

### Член 29

Со парична казна од 100.000 до 200.000 денари ќе се казни за прекршок правно лице, ако:
- презема дејствија на изграден меморијален споменик или во неговата

непосредна околина со кои може да се наруши интегритетот на меморијалниот споменик без согласност на авторот и на субјектот на кој му е доверена заштитата на меморијалниот споменик (член 16 став1);
- премести меморијален споменик без согласност на Собранието на Република Македонија (член 16 став 2) и
- врши измени на спомен- обележје или во неговата непосредна околина со кои може да се наруши интегритетот на меморијалниот споменик, или премести спомен обележје без согласност на субјектот на кој со актот од членот 19 на овој закон му е доверено давање на таква согласност (член 19).
Со парична казна од 30.000 до 50.000 денари ќе се казни и одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот 1 на овој член.
Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни и физичко лице за прекршокот од ставот 1 алинеи 1, 2 и 3 на овој член.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 30

Програмата од членот 6 на овој закон ќе се донесе во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.
Програмата од членот 17 на овој закон ќе се донесе во рок од една година од денот на конституирањето на советот.

### Член 31

Министерството ќе го донесе прописот од членот 20 став 4 на овој закон во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.
До донесувањето на прописот од ставот 1 на овој член, ќе продолжи да се применува Правилникот за начинот на водењето на регистрите на спомениците и спомен- обележјата ("Службен весник на Република Македонија" број 5/83).

### Член 32

Во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон, во регистрите од членот 20 на овој закон ќе се изврши упис на спомениците и спомен- обележјата подигнати до денот на влегувањето во сила на овој закон, согласно со Законот за споменици и спомен- обележја ("Службен весник на СРМ" број 31/82,51/88 и "Службен весник на Република Македонија" број 12/93).
Другите споменици и спомен- обележја подигнати пред денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се впишат во регистрите за упис врз основа на решението за постоење услови за упис што го донесува министерот, по претходно мислење на комисија.

Комисијата од ставот 2 на овој член ја формира министерот и е составена од претседател и четири члена, стручни и компетентни лица.
Со решението од ставот 2 на овој член ќе се определи и субјект кој ќе биде надлежен за нивното натамошно чување, одржување, заштита и користење.
Против решението од ставот 2 на овој член може да се изјави жалба до комисијата на Владата на Република Македонија.
Жалбата не го одлага решението.

**Член 33**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за споменици и спомен- обележја ("Службен весник на СРМ" број 31/82, 51/88 и "Службен весник на Република Македонија" број 12/93).

**Член 34**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".